www.upoz.org.mk

СИНДИКАТ НА РАБОТНИЦИТЕ ОД УПРАВАТА, ПРАВОСУДНИТЕ ОРГАНИ И ЗДРУЖЕНИЈАТА НА ГРАЃАНИ НА Р. МАКЕДОНИЈА

Синдикален

# БИЛТЕН

СИНДИКАТ УПОЗ

БР. 55 (3) ЈУЛИ - СЕПТЕМВРИ 2009

### ДВАЕСЕТТА И ТРЕТА СЕДНИЦА НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СИНДИКАТОТ НА УПОЗ (23.09.2009 ГОДИНА)

# ЖИВОТНИОТ СТАНДАРД И НАТАМУ НА НИСКО НИВО

**Економската состојба во државата и стандардот на вработените беше тема по која се расправаше на Дваесет и третата седница на Претседателството на Синдикатот на УПОЗ. Општа е констатација дека, иако платите бележат реално зголемување, тие сеуште се на ниско ниво и не овозможуваат нормална егзистенција и подобрување на, со години нискиот животен стандард на вработените и нивните семејства.**

**На седницата се расправаше и за правната заштита на членовите на Синдикатот на УПОЗ во врска со правата од работен однос. Перманентниот пораст на бројот на членовите кои се обраќаат до Синдикатот се показател дека работничките права и во јавниот сектор значително се нарушени, но укажува и на зголемената доверба во стручноста и моќта на Синдикатот и активностите кои ги презема за заштита на своето членство.**

Целта на расправата во врска со економската состојба во државата беше преку анализа на податоците за екомските движење да се согледа моменталниот општествено-економски амбиент во државата и одразот врз стандардот на вработените и нивните семејства. Податоците според кои во првите два квартала од оваа година едноподруго е остварен пад на економијата за 0,9 % и 2 % а пад се очекува и во третиот квартал, се доволни индикатори да се вклучи алармот за тревога. Показателите ги демантираат тврдењата на поединци дека македонската економија како мала ќе биде заобиколена и дека потресите од глобалниот „економски земјотрес“, нема да ги почувствуваме.

## Како се одразува економската криза врз животниот стандард?

На седницата на Претседателството беше истакнато дека влијанието на светската економска криза во првата половина од 2009 година се почуствува и во Македонија во сите сегменти на општеството. Според експертите и во третото тримесечие се очекува пад на економијата како и пад на БДП за 2,9%. Ваквите податоци и прогнози застрашуваат а тоа мошне драстично ќе се одрази и врз животниот стандард на граѓаните.

Движењето на цените на мало кое е поврзано со трошоците за живот, покажуваат намалена лична потрошувачка. Воздржаноста пак кај населението е директно поврзано со неизвесноста околу времетраењето и одразот на светската економска криза врз нашата економија. Така, најголемо зголемување е забележано кај трошоците за домување, како и другите комунални трошоци.

**НЕТО ПЛАТИ ВО 2009 ГОДИНА**

| Месец | Висина на просечно исплатена нето плата | Не примиле плата % | Номинално зголемување намалување во однос на предходен месец | Реално зголемување-намалување во однос на претходен месец |
|---|---|---|---|---|
| **Јануари** | 19.616 | 2,6 | 113,0 | 113,7 |
| **Февруари** | 19.598 | 2,8 | 99,9 | 100,1 |
| **Март** | 19.746 | 3,4 | 100,8 | 100,5 |
| **Април** | 20.167 | 3,9 | 102,1 | 102,3 |
| **Мај** | 20.112 | 3,8 | 99,7 | 98,7 |
| **Јуни** | 20.070 | 4,3 | 99,8 | 101,5 |

И покрај постојаните информации дека бројот на вработените се намалува, официјалните податоци од Државниот завод за статистика покажуваат дека стапката на невработеност во првиот квартал од 2009 година бележи зголемување. Сегашната стапка на невработеност од 32,7 % говори за фактот дека со невработеноста во земјата сеуште треба да се бориме и дека е потребно да се ревидираат сите досегашни политики и активности кои очигледно не ги даваат посакуваните резултати. Секако, најбрзиот и најпродуктивен начин за ублажување и решавање на овој проблем е отворањето на нови работни места, инвестирање во изградба и отворање нови фабрики, производни погони и други продуктивни дејности. Заради економската криза односно како една од мерките за нејзино ублажување беше и одлуката на Владата на РМ да ги замрзне платите во јавната и државната администрација, односно предвиденото зголемување од 10 насто предвидено за октомври оваа година, да го одложи. Позитивно во оваа „негативна одлука“ е што Владата на РМ не се откажа од ова зголемување туку само го одложи за октомври наредната година. Меѓутоа, независно од се, за синдикатот во наредниот период претстои борба во делот на надоместоците особено околу вградениот надоместок за превоз и исхрана кај оние кои не се буџетски корисници, како и кај сите други вработени (независно дали се буџетски корисници) да имаат еднаков третман.

Социјалната слика во државата е мошне негативна и заради фактот што поради невработеност и економската криза, 53.000 семејства се принудени да бараат социјална помош, бидејќи немаат ниту еден друг извор на егзистенција. Највисокиот износ за петчлено семејство на социјалната помош изнесува 4.200,00 денари.

## Како ќе излеземе од кризата?

По првите почетоци и најави на Светската економска криза, Сојузот на синдикатите на >>>

**ПОТРОШУВАЧКА КОШНИЦА 2009 ГОДИНА**

| Месец | I | II | III | IV | V | VI |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Вредност на кошница | 12.824 | 12.756 | 12.816 | 12.730 | 12.992 | 11.986 |
| Просечна нето плата | 19.616 | 19.598 | 19.746 | 20.167 | 20.112 | 20.070 |
| Разлика | 6.792 | 6.842 | 6.930 | 7.437 | 7.120 | 8.084 |
| Процент учество | 65,4 | 65,1 | 64,9 | 63,12 | 61,63 | 59,72 |

| Стапка на невработеност | Година | 1996 | 1997 | 1998 | 1999 | 2000 | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Стапка | 31,9 | 34,4 | 34,5 | 32,4 | 32,2 | 30,5 | 31,9 | 36,7 | 37,2 | 37,3 | 36,0 | 34,9 | 33,8 | 32,7 |

>>> Македонија побара од Владата на РМ веднаш да реагира и да преземе мерки со кои ќе се амортизира ударот на кризата врз македонската економија. ССМ даде поддршка на трите пакети антикризни мерки што ги предложи Владата со забелешка дека тие се задоцнети. Втората забелешка е што тие мерки речиси и не се оствариja.

Но ССМ укажа и на фактот дека во антикризните мерки воопшто ја нема социјалната компонента на што посебно инсистираше.

• да не се прогласуваат работниците како технолошки вишок со првите знаци за почеток на кризата;

• да не се злоупотребува кризата за отпуштање на работниците со цел постарите работници да се заменат со млади;

• да се задржи нивото на платите за да се заштити стандардот на граѓаните; и

• да се продолжи временскиот период и да се зголеми паричниот надомест во случај на невработеност.

Лошите решенија и кризата го зедоа својот данок. Така, само во првите шест месеци од годината бројот на работниците во индустријата се намали за 6,3 %, бројот на корисници на паричен надоместок од Агенцијата за вработување по основ на технолошки вишок се зголеми за 1.154 лица а бројот на невработени се зголеми за 52.678 лица. Исто така не беа обезбедени ниту субвенции за зачувување на работните места, ниту пак Владата додели еднократна социјална помош на работниците кои останаа без работа како последица на економската криза, на оние кои повеќе месеци не примиле плата како и на социјално загрозените семејства.

ССМ смета дека и покрај двата ребаланси на Буџетот, сеуште има простор за натамошни намалувања на трошоците и натаму ќе бара заради успешно реализирање на антикризните мерки, да се одржи средба на Владата со социјалните партнери. За жал Владата на РМ, не само што не одржа таква средба, туку и при носењето на ребалансот на Буџетот, воопшто не отвори никаков заеднички дијалог.

## ПРОСЕЧНИ ПЛАТИ И БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ

| | Сектор | Просечно исплатена нето плата за VI 2009 | Вкупен број вработени I квартал 2009 |
|---|---|---|---|
| | **Вкупно** | **20 070** | **618 189** |
| А | **Земјоделство, лов и шумарство** | **14 351** | **120 012** |
| Б | **Рибарство** | **12 036** | **174** |
| В | **Рударство и вадење на камен** | **21 742** | **6 527** |
| Г | **Преработувачка индустрија** | **14 066** | **121 537** |
| | Производство на текстил и текстилини производи | 9 264 | 43 997 |
| | Производство на кожа и предмети од кожа | 9 889 | 4 449 |
| | Производство на дрво ипроизводи од дрво | 9 701 | 5 924 |
| | Производство на производи од гума и производи од пластични маси | 10 543 | 3 754 |
| | Производство на метални производи во металопреработувачката фаза, освен машини и уреди | 12 204 | 9 486 |
| | Преработувачка индустрија, неспомената на друго место | 10 462 | 4 977 |
| Д | **Снабдување со електрична енергија** | **28 156** | **14 950** |
| Ѓ | **Градежништво** | **15 646** | **38 553** |
| Е | **Трговија на големо и мало; поправка на моторни возила, моторцикли и предмети за лична употреба и за домаќинствата** | **17 350** | **90 827** |
| Ж | **Хотели и ресторани** | **15 076** | **23 855** |
| З | **Сообраќај, складирање и врски** | **24 262** | **40 176** |
| Ѕ | **Финансиско посредување** | **36 198** | **7 788** |
| И | **Активности во врска со недвижен имот, изнајмување и деловни активности** | **20 313** | **16 007** |
| Ј | **Јавна управа и одбрана; задолжителна социјална заштита** | **24 667** | **44 122** |
| К | **Образование** | **20 229** | **36 109** |
| Л | **Здравство и социјална работа** | **21 662** | **35 621** |
| Љ | **Други комунални, културни, општи и лични и услужни активности** | **18 122** | **19 694** |
| М | **Приватни домаќинства кои вработуваат домашен персонал и неиздиференцирани дејности на домаќинства за производство на стоки за сопствени потреби** | | **1 255** |
| Н | **Екстериторијални организации и тела** | | **983** |

## БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ ПО СЕКТОРИ

| | Сектор | Број на вработени IV квартал 2008 | Број на вработени I квартал 2009 |
|---|---|---|---|
| | **Вкупно** | **608 541** | **618 189** |
| А | Земјоделство, лов и шумарство | **108 584** | **120 012** |
| Б | Рибарство | **312** | **174** |
| В | Рударство и вадење на камен | **6 125** | **6 527** |
| Г | Преработувачка индустрија | **134 556** | **121 537** |
| Д | Снабдување со електрична енергија | **15 185** | **14 950** |
| Ѓ | Градежништво | **42 724** | **38 553** |
| Е | Трговија на големо и мало; поправка на моторни возила, моторцикли и предмети за лична употреба и за домаќинствата | **90 340** | **90 827** |
| Ж | Хотели и ресторани | **17 188** | **23 855** |
| З | Сообраќај, складирање и врски | **35 469** | **40 176** |
| Ѕ | Финансиско посредување | **7 423** | **7 788** |
| И | Активности во врска со недвижен имот, изнајмување и деловни активности | **17 806** | **16 007** |
| Ј | Јавна управа и одбрана; задолжителна социјална заштита | **43 158** | **44 122** |
| К | Образование | **34 337** | **36 109** |
| Л | Здравство и социјална работа | **34 223** | **35 621** |
| Љ | Други комунални, културни, општи и лични и услужни активности | **19 467** | **19 694** |
| М | Приватни домаќинства кои вработуваат домашен персонал и неиздиференцирани дејности на домаќинства за производство на стоки за сопствени потреби | **449** | **1 255** |
| Н | Екстериторијални организации и тела | **1 153** | **983** |

# СЕ ПОВЕЌЕ СЕ ЗАГРОЗУВААТ СИНДИКАЛНИТЕ ПРАВА

Втора тема на Дваесет и третата седница на Претседателството на Синдикатот на УПОЗ беше остварувањето на правната заштита односно правата од работен однос на членовите. Остварувајќи ги своите програмски задачи, Синдикатот на УПОЗ перманентно им пружа правна заштита на своите членови.

Во периодот јануари - јуни 2009 год до синдикатот на УПОЗ, во врска со заштита на правата од работен однос се обратиле 970 работници.

Во минатата година, вкупниот број на обраќање бил 935, а во текот на 2007 година се обратиле 1488 работници членови на Синдикатот на УПОЗ.

Бројот на обраќањата за заштита на синдикалните и работничките права е далеку поголем од прикажаните поединечни обраќања доколку се има предвид дека има и групни обраќања, односно обраќањата на претседателите на синдикалните организации кои се однесуваат на остварувањето на правата од работен однос на поголем број или за сите вработени во организациите и установите.

Специфичниот карактер на организациите кои ги опфаќа Синдикатот на УПОЗ, пред се заради тоа што се работи за синдикални организации во судовите, министерствата и други државни и управни органи и организации, придонесуваат често обраќањата до синдикатот да се и анонимни.

## Се зголемува довербата во Синдикатот

Тенденцијата на перманентен раст на бројот на обраќањата до синдикатот се показател за зголемување на нарушувањата на работничките права во овие институции, а воедно и укажува на зголемена доверба во стручноста и моќта на синдикалните активности и мерки што ги презема синдикатот на УПОЗ кои резултираат со унапредување на синдикалните и работничките права во средините каде синдикатот се ангажирал.

Податоците говорат дека бројот на обраќањата на работниците по одделни правни основи е следниот:

Од табелата може да се види дека најголем број обраќања се по основ на неисплатени плати, неисплатен надомест за храна, но и во врска со повреда на синдикални права, отказот од лични и деловни причини и сл.

**Број на обраќања по поодделни основи**

| Основ на обраќања | 2007 | 2008 | 2009 |
|---|---|---|---|
| Повреда на синдикални права | 562 | 154 | 256 |
| Засновање на работен однос | 3 | 6 | 1 |
| Промена на договор за вработување | 54 | 54 | 9 |
| Неисплатена плата | 623 | 242 | 366 |
| Надомест за хранарина | 12 | 80 | 112 |
| Надомест за превоз | 17 | 65 | 61 |
| Регрес, годишен одмор | 16 | 73 | 96 |
| Прекувремена работа | 10 | 7 | 20 |
| Отказ од лични причини | 69 | 103 | 14 |
| Парична казна | 7 | 1 | 1 |
| Отказ од деловни причини | 88 | 30 | 18 |
| Принуден одмор | | | |
| ПИОМ | 21 | 58 | 12 |
| Здравствено осигурување | 4 | 31 | 4 |
| Стечај | | | |

Повредите на синдикалните права се состојат во оневозможувањето да се потпишат, односно усогласат КД на ниво на работодавач, необезбедување на по закон предвидените технички и други услови за работа на синдикалните организации, забрани за пресметка и уплата на синдикалната членарина, дискриминаторски однос спрема претседателите на синдикалните организации и другите синдикални повереници и сл.

Во врска со отказите од лични и деловни причини, членовите на синдикатот укажуваат на незаконитост во постапките кои најчесто не се спроведуваат согласно законот туку зависат од партиската припадност и лојалност на вработените.

Често во овие институции незаконито се применува и институтот на променет договор за вработување, што всушност преставува прераспоредување на работници кои не им одговараат на раководните структури, не заради нивната нестручност туку најчесто заради субјективна и нереална оценка на претпоставените, особено кога се работи за државните службеници.

Во извештајниот период во врска со работничките обраќања преземени се следните правни дејствија:

Од наведените податоци може да се види дека во најголем број случаи се дадени совети и се изготвени мислења, барања и поднесоци.

Тоа укажува дека работниците инсистираат на спогодбено и мирно решавање на проблемите. Тие најчесто во синдикатот само укажуваат на незаконитостите, но присутен е стравот за зачувување на работното место па поради тоа тие во најголем број случаи не сакаат да преземат законска постапка за заштита на нивните права, а работодавачите најчесто не покажуваат слух за мирно решавање на проблемите и отстранување на незаконитостите.

## Повреда на правата по разни основи

Во првата половина од 2009 година покарактеристични се обраќањата на синдикалните претставници од: Советот за радиодифузија, Основните судови во Скопје Мин. за транспорт, КПД Идризово, Службата за општи и заеднички работи при Владата на РМ, Агенција за катастар на недвижности, Управата за приходи, Царинската управа, Локалната самоуправа Шуто Оризари и сл.

Карактеристично за овој период е и ангажирањето на Синдикатот на УПОЗ во врска со предупредувачкиот штрајк во судовите кој беше организиран за остварување на синдикалните права, правото на колективно договарање и за зголемување на платите во судската администрација што вреди со зголемување на платите за 20%.

Преставници на УПОЗ учествуваа во стручниот дел при изготвувањето на Колективниот договор на УЈП, и Царинската управа, а беше подготвен и работен текст на гранскиот Колективен договор на Синдикатот на УПОЗ.

Синдикатот на УПОЗ и во наредниот период ќе се ангажира за унапредување на работничките права и за заштита на синдикалните права и правата од работен однос на членството по мирен пат, но и со активно учество во судските постапки и постапките пред други надлежни државни органи.

**Вид на преземени дејствија**

| Вид на преземени дејствија | 2007 | 2008 | 1-6 месец 2009 |
|---|---|---|---|
| Совет | 963 | 485 | 677 |
| Мислења | 37 | 90 | 139 |
| Изготвени барања | 46 | 23 | 42 |
| Приговори | 51 | 3 | 7 |
| Тужбени барања | 20 | 24 | 5 |
| Расправии | 49 | 13 | 8 |
| Жалби | 7 | 9 | 2 |
| Поднесоци | 44 | 24 | 17 |
| Пресуди | 34 | 17 | 2 |
| Спогодби | 2 | 1 | |
| Вонредни правни лекови | 5 | 2 | |
| Предлог за извршување | 12 | | |
| Допис до инспектор | 2 | 1 | 1 |
| Јавен обвинител | | | |
| Стечајна постапка | | | |
| Управна постапка | 4 | 14 | |

# ЦЕЛОСНА АФИРМАЦИЈА НА СОЛИДАРНИОТ ФОНД

Солидарниот фонд на Синдикатот на УПОЗ од неговото формирање во 1997 година до денес доживеа целосна афирмација, Неговите членови се повеќе ги користат правата по разни основи. Така во изминативе години огромен број членови искористиле средства кога им било најпотребно, при лекување, подолготрајно боледување, загрозена материјална состојба во семејството, смрт на член на Фондот или неговото потесно семејство, елементарни непогоди, штрајк како и други случаи.

Значајно е да се напомене дека средствата кои се доделуваат на членовите како парична помош се еднократни и неповратни. Така, по сите основи, од формирањето на Фондот до денес по разни основи доделени се средства на членовите во износ од околу 250.000 евра. Тука е и помошта што во вид на плати им ја додели синдикатот на УПОЗ на вработените во правосудните органи за време на штрајкот. Со тоа Синдикатот на УПОЗ е и единствен синдикат во Република Македонија кој има Солидарен фонд и кој им исплатил плати на своите членови кои штрајкувале.

Кога се зборува за значењето и улогата на Солидарниот фонд секако треба да се истакне и уште една погодност која ја користат неговите членови. Имено, од 2006 година Синдикатот почна со поделба на бескаматни позајмици за своите членови. Заклучно со август оваа година позајмица користеле 846 негови членови во износ од околу 110.000 евра.

Бројките сами за себе зборуваат и ја потврдуваат оправданоста и неопходноста од постоењето на Солидарниот фонд со што на најубав начин се манифестира солидарноста меѓу членовите.

Од табелата може да се види бројот на корисници и висината на доделените средства по години, за периодот од 2005 до август 2009 година.

**ПРЕДЛОГ**
**на доделена солидарна помош и позајмица за периодот2005-2009 год.**

| Ред. Бр. | ОПИС | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | до 31.08. 2009 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **За исклучителни случаи**<br>*Број на корисници:*<br>*Денари:* | 57<br>130.150 | 21<br>81.000 | 24<br>92.000 | 24<br>87.000 | 16<br>55.000 | 142<br>445.150 |
| 2 | **За смрт**<br>*Број на корисници:*<br>*Денари:* | 55<br>680.000 | 54<br>760.000 | 64<br>880.000 | 45<br>580.000 | 32<br>430.000 | 250<br>3.330,000 |
| 3 | **За боледување**<br>*Број на корисници:*<br>*Денари:* | 78<br>401.792 | 79<br>395.353 | 62<br>389.801 | 83<br>516.480 | 74<br>470.032 | 376<br>2.173,458 |
| 4 | **За загрозена мат.состојба**<br>Број на корисници:<br>Денари | 16<br>88.000 | 11<br>60.500 | 4<br>22.000 | 6<br>29.000 | 3<br>16.500 | 40<br>216.000 |
| 5 | **За лекување**<br>*Број на корисници:*<br>*Денари:* | 4<br>39.850 | 2<br>10.700 | 4<br>14.070 | 3<br>33.000 | 3<br>55.460 | 6<br>153.080 |
| 6 | ***За елементарна непогода***<br>*Број на корисници:*<br>*Денари:* | 11<br>193.200 | 6<br>63.956 | 3<br>85.630 | // | 2<br>17.600 | 22<br>360.386 |
| I | **Позајмици** | // | 54<br>648.000 | 93<br>1.116,000 | 103<br>1.236,000 | 87<br>1.044,000 | 337<br>4.044,000 |
| II | *Број на корисници* - ***Вкупно***<br>*Денари* - ***Вкупно*** | 221<br>1.532,992 | 173<br>1.371,509 | 161<br>1.483,501 | 161<br>1.245,480 | 130<br>1.044,592 | 846<br>6.678,074 |



### *ОДРЕДЕНА ВИСИНАТА НА ЧЛЕНАРИНАТА ЗА УЧЕНИЦИ, СТУДЕНТИ, НЕВРАБОТЕНИ И ПЕНЗИОНЕРИ*

## МОЖНОСТ ДА ЧЛЕНУВААТ И ДРУГИ ЛИЦА

Со цел да им излезе во пресрет на своите досегашни членови кои заминуваат во пензија а и натаму сакаат да останат членови на Синдикатот на УПОЗ, можноста за натамошно членување е овозможена со измените и дополнувањата на Статутот усвоени на седницата од 28.04.2008 година.

Исто така, со цел да го подмладува своето членство и меѓу учениците и студентите да ги бара своите идни членови, со измените на Статутот им се дава можност да членуваат и тиа како и невработените кои ќе изразат желба.

Претседателството на Синдикатот на УПОЗ на седницата од 23.09.2009 година донесе Одлука за висината на членарината на членовите кои ќе пристапат во синдикатот како ученици, студенти или невработени, како и оние кои по пензионирањето сакаат да продолжат да членуваат. За нив месечната членарина ќе биде 60,00 денари и самите ќе ја уплатуваат на сметката на Синдикатот на УПОЗ.

**IMPRESSUM**

**Гласило на Синдикатот на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани на РМ**

12 Ударна бригада 6б–Скопје,
тел: 02/31–26–351;
тел./факс: 02/32–30–829;
www.upoz.org.mk

• Билтенот го подготвува и уредува: **Пецо Груевски**

• Подготовка за печат: "Макформ"– Скопје

• Тираж 600 примероци